„Кој искрено ќе бара од Аллах да постигне шехадет, Аллах ќе му го подари степенот на шехидите/маченициците, дури и ако умре во својата постела.“

Сехл бин Хунејф, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Кој искрено ќе бара од Аллах да постигне шехадет, Аллах ќе му го подари степенот на шехидите/маченициците, дури и ако умре во својата постела.“

[صحيح] [رواه مسلم]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, известува дека оној кој искрено ќе бара шехадет и да загине на Аллаховиот пат, со чиста намера исклучиво заради Аллах, ќе го добие степенот на шехидите поради својата искреност, дури и ако почине во својот кревет, а не во борба.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/3157